| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовка на животните за во зима |
| **Содржина на денот** | Слики наши приказни ваши |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно миење на рацете и користење на дезинфекциони средства во градинка,домот и надвор.(слика 1) |
| **Активност** | Започнете со слушање и пеење на песната „Кројач Ешко “-Поточиња 2011 год. Песната ќе Ве насочи кон приказната „Капутчето на Ешко”.<br>Според сликите кои ви се дадени детето нека ги разгледа и опише што гледа на нив (слики 2 ,3 ,4 ,5 и 6).<br>Предложете му активност „Слики наши приказни ваши“ во која детето ќе треба да состави приказна следејќи ги редоследно сликит,е се разбира ќе помогнете и Вие со поставување на кратки прашања.<br>Составената приказна запишете ја и истата прочитајте му ја со цел детето да научи да раскажува приказна. Пофалете го детето, објаснете му дека тоа е негова авторска приказна, а со тоа го мотивирате и понатака да создава нови приказни.<br>Според предложениот цртеж детето нека нацрта контура на еж,а потоа од самолеплива хартија нека сече ленти, одлепува, кине и лепи боцки на ежот (слики 7 и 8).<br>Можете повторно да ја слушнете и пеете песната „Кројач Ешко“. |